**ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ, РАЗВОЈ И КОНТИУИРАНО ОБРАЗОВАНИЕ – ЦИРКО ДООЕЛ СКОПЈЕ**

## ВИЗИЈА

Меѓународно распознатлива компанија во областа на машинството.

## МИСИЈА

Вршење на услугите:
- според прописите, домашните и меѓународните стандарди,
- со примена на најновите достигнувања во методите и опремата,
- согласно со потребите и барањата на клиентите.

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ, ЖИВОТНА СРЕДИНА, БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

ЦИРКО дооел Скопје ја утврдува оваа политика за квалитет, животна средина, безбедност и здравје при работа со цел обебзбедување на највиско можно ниво на услуга на своите клиенти, а во насока на целосно исполнување на искажаните нивни реални барања во склад со важечките законски прописи и национални и меѓународни стандарди. Основните принципи на политиката за квалитет во вршењето на дејноста се:

- Секоја услуга, за секој корисник, да се изврши со највисок квалитет, и при тоа да се води постојана грижа со цел да се спречи загадувањето и да се унапредат перформансите на животната средина на локално и глобално ниво,
- Да бидеме одговорни кон вработените преку воведување на безбедносни мерки, намалување на ризикот од повреди и здравствени проблеми
- Активностите од дејност да се реализираат без финансиски и политички влијанија,
- Да се применува, одржува и подобрува системот за управување со квалитетот, животната средина, безбедност и здравје при работа согласно со МКС EN ISO 9001:2015, МКС EN ISO 14001:2015 и МКС ISO 45001:2018.
- Односот со корисниците и Сертификационото тело да се одржува со почитување и взаемна доверба,
- Да се осигури доверливост на информациите добиени од корисниците и заштита на нивните сопственички права,
- Да се осигури независноста и непристрасноста на сите вработени на ЦИРКО ДООЕЛ Скопје, како и не постоењето на конфликт на интереси кај нив,
- Квалитетот на услугите постојано да се подобрува со усовршување на кадарот и воведување на нови методи и опрема,
- Сите ангажирани во ЦИРКО ДООЕЛ Скопје, со професионална ангажираност, посветеност и одговорност, да придонесуваат во исполнување на барањата дефинирани во политиката и процедурите.
- Да поставуваме амбициозни, мерливи и остварливи цели за квалитет, околина и здравје и безбедност при работа.
- Во рамките на својата работа ЦИРКО ДООЕЛ, ќе соработува и разменува искуства со други слични компании од областа.

Секој вработен во компанијата мора да биде запознаен со политиката за квалитет, животна средина, здравје и безбедност при работа, да ја прифати и почитува како трајно начело во сопственото работење.

Септември 2023

УПРАВИТЕЛ
Проф. д-р Виктор Илиев